**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Буџет на Општина Илинден за 2009 година со Одлука за извршување на Буџетот со Арх. Број 07-2611/2 од 26.12.2008 година.**

**Се прогласува Буџетот на Општина Илинден за 2009 година со Одлука за извршување на Буџетот со Арх. Број 07-2611/2 од 26.12.2008 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на седницата одржана на ден 26.12. 2008 година.**

**Архив. Број 08-2707/1**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Буџетски календар на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-2611/3 од 26.12.2008 година.**

**Се прогласува Буџетскиот календар на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-2611/3 од 26.12.2008 година што Советот на Општина Илинден го донесе на седницата одржана на ден 26.12. 2008 година.**

**Архив. Број 08-2707/2**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Годишен план за јавни набавки во 2009 година со Арх. Број 07-2611/4 од 26.12.2008 година.**

**Се прогласува Годишниот план за јавни набавки во 2009 година со Арх. Број 07-2611/4 од 26.12.2008 година што Советот на Општина Илинден го донесе на седницата одржана на ден 26.12. 2008 година.**

**Архив. Број 08-2707/3**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за утврдување на надоместокот за уредување на градежно земјиште на територија на Општина Илинден со Арх. Број 07-2611/5 од 26.12.2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за утврдување на надоместокот за уредување на градежно земјиште на територија на Општина Илинден со Арх. Број 07-2611/5 од 26.12.2008 година што Советот на Општина Илинден го донесе на седницата одржана на ден 26.12. 2008 година.**

**Архив. Број 08-2707/4**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002), член 47 од Закон за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.82/08 и 143/08) и член 20 од Статутот на Општина Илинден (Службен Гласник на Општина Илинден бр.02/2005) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на 26.12.2008 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на надоместокот**
**за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Илинден**

**член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинден.

**член 2**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува :

| КЛАСИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ СОГЛАСНО КЛАСИ НА НАМЕНИ | **I ЗОНА** | **II ЗОНА** |
|---|---|---|
| А- ДОМУВАЊЕ | | |
| - станбени куќи<br>- станбени згради<br>- приземни стопански градби во селски стопански двор (во функција на станбените куќи) | 2,5 EUR | 1,5 EUR |
| - објекти за групно домување<br>- објекти за времено сместување | 2,5 EUR | 1,5 EUR |
| Б- КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | | |
| -мали комерцијални и деловни објекти<br>-големи трговски единици<br>-големи угостителски единици<br>-деловни објекти<br>-хотели (хотелски комплекси)<br>-простори за собири | 40 EUR | 20 EUR |
| В- ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ | | |
| - објекти од образование и наука<br>-здравствени и социјални објекти<br>-објекти од областа на културата<br>- државни институции<br>-верски институции | 40 EUR | 20 EUR |
| Г- ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ | | |
| - индустриски објекти<br>-сервиси<br>-стоваришта<br>-инфраструктурни објекти | 40 EUR | 20 EUR |

**член 3**

Во услови кога не се реализирани објектите на комуналната инфраструктура, согласно степенот на планираната уреденост, а врз основа на Правилник за степенот на уреденост на градежното земјиште и начунот на пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште според степенот на уреденост (Сл. Весник на РМ бр.80/01 и 85/01), трошоците за уредување на градежно земјиште се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, помножени со следните коефициенти :

Во деловни, јавни и производни објекти магацинските простории кои зафаќаат повеќе од 20% од

| | |
|---|---|
| **Станбени објекти** | |
| Станбени простории | Коефициент 1,0 |
| Станбени простории со висина до 2,5 | Коефициент 0,1 |
| Лоѓија, балкони | Коефициент 0,2 |
| Помошни простории, остава за гориво, котлара, трафостаница во објект, визба | Коефициент 0,3 |
| Гаража | Коефициент 0,1 |
| **Деловни, јавни и производни објекти** | |
| Простории | Коефициент 1,0 |
| Магацини, простории во визба | Коефициент 0,4 |
| Гаражи | Коефициент 0,1 |
| **Други објекти** | |
| Катна гаража | Коефициент 0,2 |
| Спортски покриени објекти | Коефициент 0,5 |
| Отворени пазаришта | 20% од површината |

нето развиената површина на објектот, разликата ќе се пресметува по коефициент 1,0.

Доколку дојде до изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште според степенот на уреденост, надоместокот ќе се пресметува согласно важечкиот Правилник.

**член 4**

Надоместокот се наплатува по зони на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на корисникот, местоположбата на земјиштето во населеното место, сообраќајната поврзаност и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка комунална потрошувачка.

Зоните се утврдени со следните опфати :

**I ЗОНА**:

- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино бр.07-1102/7 од 27.12.2005г.
- ГУП за седиште на општина Илинден н.м.Илинден, Марино и дел од КО Кадино локалитет 1, 2 и 3 бр.07-42/8 од 17.02.2004 г.
- Измена и дополна на ГУП за седиште на општина Илинден, н.м.Илинден, Марино и дел од КО Кадино 2002-2012 локалитет А и Б бр.07-425/2 од 12.11.2002 г.
- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино- локалитет Спортски центар бр.07-1356/3 од 27.07.2007 г.
- Измена и дополна на Урбанистички план за село (за населени места Илинден, Марино и дел од КО Кадино) локалитет Дом на култура 2007 – 2017 бр.07-102/4 од 23.01.2008 г.



- Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс Белимбегово 07-42/7 од 17.02.2004г.
- Урбанистички план вон населено место - локалитет Ограѓа бр.07-1102/8 од 27.12.2005 г.
- Урбанистички план вон населено место Илинден за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени – локалитет Карагач – 2007-2017 бр.07-433/2 од 22.02.2008г.
- Урбанистички план вон населено место Илинден Сервисна зона Трница 2007-2017 бр.07-1356/2 од 27.07.2007 г.

- Урбанистички план вон населено место Илинден за Стопански комплекс "Белимбегово" - Блок 5 - изменување и дополнување 2007-2017 - 17,35 ха општина Илинден бр.07-1087/4 од 19.05.2008 г.
- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа – изменување и дополнување – 2007-2017 бр.07-1087/3 од 19.05.2008 г
- Урбанистичка документација - Изменување и дополнување за дел од н.м.Кадино 2004-2014 бр.07-234/2 од 19.05.2003 г.
- Урбанистички план за дел од село Кадино – измена и дополна –меѓу ул."3" на север, ул. "1" на исток ул. "2" на запад и ул. "2" на југ -2007-2017 -3,56 ха – општина Илинден бр.07-102/5 од 23.01.2008 г.
- Урбанистички проекти усвоени од страна на Министерство за транспорт и врски а се протегаат на подрачјето на КО Илинден, Кадино, Марино, Мралино, Миаладиновци, Мршевци, Бунарџик, Ајватовци, Текија, Дељадровци, Бујковци и Бучинци.

**II ЗОНА**:
- Урбанистички план за село Кадино и Мралино (само за КО Мралино) бр.07-441/4 од 30.12.1998 г
- Урбанистички план за село Мршевци бр.07-441/5 од 30.12.1998 г.
- Урбанистички план за село Миладиновци бр.07- 401/8 од 24.10.2002 г.
- Урбанистички план за село Ајватовци бр.07-425/3 од 12.11.2002 г..
- Урбанистички план за село Бунарџик бр.07-505/3 од 27.12.2002 г.
- Одлука за н.м.Текија, Дељадровци и Бучинци бр.09-349/2 од 25.11.1997 г.

**член 5**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлука за измена на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Илинден за деловни и индустриско-стопански објекти бр.07-1774/3 од 25.12.2007 година и Одлука за измена на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинден за деловни и индустриско стопански објекти бр.07-1951/12 од 21.12.2007 година.

**член 6**

Пресметката на надоместок за уредување на градежно земјиште издадена до 01.01.2009 година, а за која не е извршена уплата ќе се пресметува врз основа на оваа одлука.

**член 7**

Оваа Одлука ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден, а стапува во од 01.01.2009 година.

**Арх.бр.07-2611/5**
**Од 16.12.2008г.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

71

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Програма за користење, одржување и изградба на јавно осветлување на подрачје на Општина Илинден со Арх. Број 07-2611/6 од 26.12.2008 година.**

**Се прогласува Програма за користење, одржување и изградба на јавно осветлување на подрачје на Општина Илинден со Арх. Број 07-2611/6 од 26.12.2008 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на седницата одржана на ден 26.12. 2008 година.**

**Архив. Број 08-2707/5**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ. Бр. 5/2002),член 20 точка 13 од статутот на Општина Илинден (Службен Гласник на Општина Илинден бр.2/2005), член 15 од Законот за комунални такси (Сл. Весник на РМ бр.61/2004), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на 26.12. 2008 година донесе:

# П Р О Г Р А М А
## За користење,одржување и изградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2009 година

**1**.Со програмата за користење,одржување и изградба на јавното осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2009 година се врши распределба на средствата што на Општина Илинден и припаѓаат согласно Законот за комунални такси за користење на јавното осветлување и на средствата од Буџетот на Општина Илинден за 2009 година.

**2.**Средствата од точка 1 на оваа Програма ќе се користат за тековна потрошувачка на електрична енергија и за одржување и изградба на инсталациите за јавното осветлување на подрачјето на Општина Илинден и тоа :

| | |
|---|---|
| Трошоци за потрошена електрична Енергија за јавно осветлување | 3300.000,00 ден. |
| Одржување на јавно осветлување(вградување на делови и работна рака,помали реконструкции) | 2000.000,00 ден. |
| Зајакнување на капацитетите на уличното Осветлување | 1300.000,00 ден. |
| ВКУПНО: | 6600.000,00 |

**3**.Одржувањето на јавното осветлување ќе се врши на сите јавни површини(плоштади, паркови, сообраќајници, паркинзи и сл.) и тоа во сите дванаесет населени места во Општина Илинден,прикажани во сладната табела:



| Р.број | Населено место | Број на улични светилки | Должина на линија-улично осветлување(м) |
|---|---|---|---|
| 1. | Илинден | 328 | 18.230 |
| 2. | Марино | 335 | 16.980 |
| 3. | Кадино | 105 | 6.600 |
| 4. | Мралино | 65 | 2.900 |
| 5. | Бунарџик | 48 | 2.700 |
| 6. | Ајватовци | 29 | 1.700 |
| 7. | Миладиновци | 113 | 5.300 |
| 8. | Бујковци | 39 | 1.800 |
| 9. | Бучинци | 20 | 800 |
| 10. | Мршевци | 81 | 3.300 |
| 11. | Дељадровци | 47 | 2.600 |
| 12. | Текија | 32 | 1.300 |
| **Вкупно** | | **1.242** | **64.210** |

**4**.Зајакнување на капацитетите на Уличното осветлување ќе се врши во сите дванаесет населени места во Општина Илинден, во согласност со приоритетите на населените места .

**5**.За реализацијата на Програмата се задолжени: Градоначалникот ,Одделението за урбанизам,комунални дејности и заштита за животната средина и Комисијата за јавни набавки.

**6.**Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се извршува во зависност од приливот на средствата.

**7**.Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на Службен Гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.07-2611/6**
**Од 16.12.2008г.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**



**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука приоритет на проектот за изградба на Дом на култура Илинден со Арх. Број 07-2611/7 од 26.12.2008 година.**

**Се прогласува Одлука приоритет на проектот за изградба на Дом на култура Илинден со Арх. Број 07-2611/7 од 26.12.2008 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на седницата одржана на ден 26.12. 2008 година.**

**Архив. Број 08-2707/6**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Согласно член 36 од Законот за локална самоуправата (Сл. Весник на Р.М. број 05/02) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 26.12.2008 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За приоритет на проектот изградба на Дом на култура Илинден**

**Член 1**

Советот на Општина Илинден **дава приоритет за изградба на објект Дом на култура во н. Илинден, опфатен со стратешки план за ЛЕР на општина Илинден 2006-2011.**

**Член 2**

Домот на култура во Акциониот план предвиден е да се изгради заклучно со 2009 година

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Илинден да ја реализира оваа Одлука.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**□□□.□□.07-2611/7**
**□□ 16.12.2008□.**

□□□□□ □□ □□□□□□□ □□□□□□□
□□□□□□□□□□□
□□□□□□ □□□□□□□□□□ □.□.



# Р Е Ш Е Н И Е

1. Решение за прогласување на Буџет на Општина Илинден за 2009 година со Одлука за извршување на Буџетот со Арх. Број 07-2611/2 од 26.12.2008 година......1 стр.

2 Буџет на Општина Илинден за 2009 година со Одлука за извршување на Буџетот со Арх. Број 07-2611/2 од 26.12.2008 година......2 стр.

3. Решение за прогласување на Буџетски календар на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-2611/3 од 26.12.2008 година......63 стр.

4. Буџетски календар на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-2611/3 од 26.12.2008 година...... 64 стр.

5. Решение за прогласување на Годишен план за јавни набавки во 2009 година

со Арх. Број 07-2611/4 од 26.12.2008 година.................................................................65 стр.

6. Годишен план за јавни набавки во 2009 година со
Арх. Број 07-2611/4 од 26.12.2008 година........................................................................66 стр.

7. Решение за прогласување на Одлука за утврдување на надоместокот за уредување на градежно земјиште на територија на Општина Илинден
со Арх. Број 07-2611/5 од 26.12.2008 година..................................................................68 стр.

8. Одлука за утврдување на надоместокот за уредување на градежно земјиште на територија на Општина Илинден со Арх. Број 07-2611/5 од 26.12.2008 година................................68 стр.

9. Решение за прогласување на Програма за користење, одржување и изградба на јавно осветлување на подрачје на Општина Илинден
со Арх. Број 07-2611/6 од 26.12.2008 година..................................................................71 стр.

10. Програма за користење, одржување и изградба на јавно осветлување на подрачје на Општина Илинден со Арх. Број 07-2611/6 од 26.12.2008 година.................................71 стр.

11. Решение за прогласување на Одлука за приоритет на проектот за изградба на Дом на култура Илинден со Арх. Број 07-2611/7 од 26.12.2008 година...................................73 стр.

12. Одлука за приоритет на проектот за изградба Дом на култура Илинден
со Арх. Број 07-2611/7 од 26.12.2008 година...................................................................73стр.

13. Решение за прогласување на Решение за избор на директор на ЈКП Водовод од н. Илиден со Арх. Број 04- 2591/ 1 од 15.01.2009 година. ................................................74стр.

14. Решение за избор на директор на ЈКП Водовод од н. Илиден со
Арх. Број 04- 2591/ 1 од 15.01.2009 година. ..................................................................74стр.